ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Министерството за труд и социјална политика

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (637) за 2021 година.

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- начинот на остварување на правата на парична помош од социјална заштита;
- распределбата на блок дотациите по општини;
- начинот на изборот, критериуми за избор, потребните квалификации, правото и висината на надоместокот на Комисиите;
- пописот на средствата, побарувањата и обврските со кои располага МТСП не целосно и правилно извршен и
- не целосно евидентирани материјални средства.

**Издадено мислење*:**
Изразивме неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2021 година.

**Клучни препораки:**
- воспоставување на повремени/редовни контроли при носење на решение од страна Центрите за социјална работа;
- да се уреди начинот и критериумите за избор, потребните квалификации, правото и висината на надоместокот на комисиите и
- спроведување на целосен попис и евидентирање на целокупната опрема која не е евидентирана.

**Клучни системски слабости:**
- средствата остварени од приредувањето на игри на среќа и забавните игри, Владата на РСМ ги распределува врз основа на програма поднесена од страна на МТСП
- непостоење на критериуми и начин на утврдување на висината за остварување на право на додаток на плата на ангажираноста на административниот кабинетскиот службеник.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018